Врз основа на одредбите на член 38 и член 40 од Статутот на Стопанската комора на Северна Македонија, Македонската асоцијација на рударството – МАР, согласно член 7, 8 и 9 од Правилата за организација и начинот на работа на Македонската асоцијација на рударството – МАР, бр. 59-360/13 од 30.5.2025 година, како и Правилата за измена и дополнување на Правилата за организацијата и начинот на работа на Македонската асоцијација на рударството – МАР, бр. 59-934/3 од 16.10.2025 година, на седницата одржана на 16.10.2025 година, ги донесе следните:

# *П Р А В И Л А*
## *за организацијата и начинот на работа на Македонската асоцијација на рударството – МАР (пречистен текст)*

## I. Општи одредби

### Член 1

Со овие Правила се уредува организацијата и начинот на работа на Македонската асоцијација на рударството – МАР (во натамошниот текст: МАР).

### Член 2

МАР е посебна форма на организирање и работење во рамки на Стопанската комора на Северна Македонија, преку која компаниите од областа на рударството самостојно одлучуваат и вршат работи од интерес за оваа стопанска дејност.

Компании – членки на МАР може да бидат компании кои се занимаваат со геолошко истражување, експлоатација и обработка на метални и неметални минерални суровини, производство на производи од минерално потекло, научни дејности од областа на рударството, рударски конструкции и инжинерство, концесионерство и други работи поврзани со рударството.

## II. ОСНОВНИ ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ

### Член 3

Основни цели и задачи на МАР се:
- разгледување прашања во врска со унапредување на работењето и решавање на тековните проблеми во дејноста;
- усогласување на пројавените спротивности и различни интереси во рамките на дејноста;
- усвојување заклучоци и предлагање мерки што се од заеднички интерес на членовите, а кои не се во спротивност со позитивните законски прописи и добрите деловни обичаи;
- разгледување предлози на закони и други прописи, давање мислења и предлози по прашања од заеднички интерес на членовите и покренување иницијативи за донесување на прописи, како и за измени и дополнувања на истите;

- иницирање и остварување соработка со членови на други форми на организирање и работење во рамките на Комората и надвор од неа по прашања од заеднички интерес, како и остварување меѓународна соработка во согласност со програмските активности на МАР и со општите акти на Стопанската комора на Северна Македонија;
- соработка со надлежните органи и институции во земјата согласно овие Правила и со општите акти на Комората и ги застапување на интересите на МАР;
- размена на информации од интерес на членовите со научно–образовните институции, државни органи и институции и други стручни асоцијации и организации;
- координирање активностите за организиран настап на членовите на семинари, конгреси и други манифестации во земјата и во странство;
- поттикнување на имплементацијата на европските правила и стандарди во насока на зголемување на конкурентноста и унапредување на работењето на членовите;
- реализирање други активности што заеднички ќе ги договорат членовите на МАР.

## III. ПРАВА И ОБВРСКИ НА ЧЛЕНОВИТЕ

**Член 4**

Секој член на МАР ги има следните права и обврски:

- да бира и да биде биран во органите и телата на Асоцијацијата;
- редовно и навремено да биде информиран за прашања од делокругот на работата на Асоцијацијата;
- да покренува иницијативи за донесување и да разгледува предлози на закони и други прописи, да дава мислење и предлози по прашања од соодветната дејност;
- да користи стручна и друга помош, како и услуги кои ги врши Стопанската комора на Северна Македонија во рамките на својата дејност;
- да се придржува кон одредбите на Статутот на Стопанската комора на Северна Македонија, општите акти и другите одлуки на органите на Комората, овие Правила и другите акти и одлуки на Асоцијацијата;
- да учествува во обезбедувањето средства за остварување на целите на зачленувањето, согласно одредбите на Статутот на Стопанската комора на Северна Македонија;
- да учествува во креирањето на програмите за работа на Асоцијацијата.

## V. УПРАВУВАЊЕ СО РАБОТЕЊЕТО НА АСОЦИЈАЦИЈАТА

**Член 5**

МАР работи на седници, на кои можат да учествуваат претставници на членовите на Асоцијацијата.

- секоја членка на МАР во писмена форма делегира свој претставник и негов заменик кој ќе учествува во работата на МАР;
- седниците на МАР може да се оддржуваат со физичко присуство или Online;
- поканата за седниците на МАР се доставуваат електронски најдоцна 5 (пет) дена пред денот определен за одржување на седницата до сите членки на МАР. Кон

поканата се доставува и предлог на дневен ред заедно со материјалот што ќе се разгледува на седницата и записникот од претходната седница;

- во исклучителни случаеви седницата може да се свика и во пократок рок од 5 (пет) дена кога за тоа ќе се согласат 1/3 од членките;
- од секоја седница на МАР се води записник, кој по завршувањето на седницата им се доставува на сите членки на МАР во електронска форма најдоцна 5 ( пет) дена по оддржувањето на седницата.

**Член 6**

МАР ги има следните органи и тела:

- претседател;
- еден или повеќе заменици претседатели, од различни области во делокруг на асоцијацијата.

Претседателот и замениците претседатели се избираат од редот на делигираните претставници на членките на асоцијацијата со мандат од 5 ( пет) години.

Во отсуство на претседателот, а по негово овластување го заменува еден од замениците претседатели.

**Член 7**

Претседателот ја претставува МАР, ги свикува и раководи со седниците, ги извршува одлуките и заклучоците и врши други работи во врска со организирањето и раководењето со работата на Асоцијацијата. Седниците ги свикува претседателот на МАР по своја иницијатива. Исто така Седница може да се свика и по барање од најмалку 1/3 од вкупниот број на членови на МАР или по предлог на претседателот на Комората. Рокот на свикување на Седницата до нејзино одржување да не биде подолг од 15 дена.

Во извршувањето на работите од својот делокруг, претседателот на МАР работи во согласност со Статутот на Стопанската комора на Северна Македонија и овие Правила.

**Член 8**

Заклучоците, ставовите и мислењата на седницата на МАР се донесуваат со мнозинство гласови од присутните членови на Асоцијацијата.

Гласањето по правило се врши јавно. За одделни прашања може да се одлучува со тајно гласање.

Покрај членовите на МАР на седниците може да бидат поканети и да присуствуваат експерти од областа на рударството, членови на Управниот одбор на Комората, членови на други тела и форми на организирање при Комората и други гости, без право на одлучување.

**Член 9**

Работите од својот делокруг Асоцијацијата ги врши во согласност со Статутот на Стопанската комора на Северна Македонија, овие Правила, програмите за работа на Комората и на Асоцијацијата и заедничките интереси на членовите на Асоцијацијата.

### Член 10

МАР може да формира комисии како работни тела во зависност од специфичните потреби и интереси на членките од областа на металичните и неметаличните минерални суровини.

Комисиите разгледуваат конкретни прашања од предметната област за која се формирани, расправаат по предлози на закони и други прописи, даваат мислења за теми од заеднички интерес на членовите и покренуваат иницијативи за донесување на прописи, како и за измени и дополнувања на истите.

Комисиите своите мислења, иницијативи и други документи ги доставуваат до МАР и истите се разгледуваат на пленарна седница на Асоцијацијата.

Комисиите имаат претседател.

Претседателот и заменикот – претседателот на МАР можат да бидат и претседатели на комисија.

Комисиите може да организираат работни средби и состаноци кои ги свикува претседателот на комисијата, а заклучоците, ставовите и мислењата се донесуваат со мнозинство гласови од присутните членови на комисијата.

## V. СОРАБОТКА СО ДРУГИ ЗДРУЖЕНИЈА, РЕГИОНАЛНИ КОМОРИ И ДРУГИ ФОРМИ НА ОРГАНИЗИРАЊЕ И РАБОТЕЊЕ

### Член 10

По прашања од заеднички интерес, МАР соработува со други здруженија, регионални комори и други форми на организирање и работење во рамките на Стопанската комора на Северна Македонија.

По прашањата од заеднички интерес може да се организираат заеднички седници. МАР може да остварува соработка со институции надлежни за прашања од интерес на членовите на Асоцијацијата, во согласност со целите и задачите утврдени со Статутот и другите акти на Стопанската комора на Северна Македонија.

МАР може да остварува соработка и контакти со други институции во земјата и во странство непосредно согласно Статутот и другите акти на Стопанската комора на Северна Македонија и посредно, преку надлежните органи на Стопанската комора на Северна Македонија.

## VI. СРЕДСТВА ЗА РАБОТА НА АСОЦИЈАЦИЈАТА

### Член 11

Членовите на МАР плаќаат придонеси за членство во Стопанската комора на Северна Македонија.

За извршување на одредени работи од делокругот на МАР кои не се финансираат од придонесот, односно за финансирање на посебни активности што не се утврдени со годишната програма за работа на Комората, членовите на Асоцијацијата можат да обезбедуваат наменски средства, односно да донесат одлука за обезбедување средства за одделни специфични намени, со кои располагаат самостојно.

За средствата за посебни намени на МАР се води посебна деловодна евиденција во Стопанската комора на Северна Македонија.

Наредбодател за користење на посебните средства е претседателот на МАР.

**Член 12**

Овие Правила влегуваат во сила на денот на донесувањето.

Бр.59 -934/4
16.10.2025 година
С к о п ј е

Претседател,
Диме Петроски